**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр.03-4676/1

Скопје 30.09.2016г.

**Предмет: Четврти седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува четвртиот седмичен извештај за периодот **од 23 до 29 септември 2016** година, во согласност со обврските од член 76-в став 2 и член 196-в од Изборниот законик и Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година.

Во текот на оваа седмица течеше мониторингот на изборното медиумско претставување на радиодифузерите во третиот десетдневен период (од 22 септември до 1 октомври 2016), а Агенцијата, во рамките на рокот предвиден со Процедурата на постапување, на 27 септември ги објави извештаите за начинот на известување во вториот десетдневен период (од 12 до 21 септември 2016 година). Привремената комисија за следење на медиумското претставување, за извештаите од вториот десетдневен период, денеска му предложи на директорот, да покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција опомена за:

- Трговско радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик;
- Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, за прекршување на член 75 став 1.

Во прилог Ви ги испраќаме 18-те поединечни извештаи за сите програмски сервиси опфатени со примерокот за мониторинг и Предлозите за изрекување мерки од Привремената комисија кои се објавени и на нашата веб страница во посебниот дел насловен ИЗБОРИ 2016.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

.................................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009